Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 57, 1 април 2011 година

април 2011 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област теорија на книжевноста на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за научната област лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование со практикум (од I до V одделение)“, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование со практикум (од I до V одделение)“, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 37

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ПРАКТИКУМ (ОД I ДО V ОДДЕЛЕНИЕ)“

По повеќе од две децении наставна практика на Педагошката академија, сега Педагошки факултет, и евидентните резултати на наставно-научен план, особено од областа на јазикот, литературата и методиката, авторите проф. д-р Блаже Китанов, м-р Ирена Китанова, м-р Соња Палчевска – Ќосева и Мирјана Меговска ни нудат сериозен, неопходен и корисен труд – „*Методика на наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование со практикум (од I до V одделение)*“ за студентите и идните наставници. Всушност, тоа е прв труд од таков вид во нашата педагошка литература и практика, а особено за педагошките факултети кои едуцираат и подготвуваат кадри идни професори во одделенската настава во основните училишта.

Трудот „Методика на наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование со практикум (од I до V одделение)“ е компониран во два дела: теоретски и практичен дел, компјутерски обработен текст, со неопходни илустрации, графикони, табели, вињети, како значаен сегмент во визуелното и естетското дизајнирање на учебникот во целост.

Првиот дел: Методика на наставата по македонски јазик е теоретски и содржи 11 поглавја, т.е. подрачја од методиката (Почетно читање и пишување; Видови читање; Интерпретација на уметнички текст; Усно и писмено изразување; Граматика и правопис; Театар, филм и телевизија; Посебни форми на работа; Вреднување на знаењето и активноста на ученикот; Планирање на програмските содржини и Настава во комбинирано одделение). Во секое подрачје, кон прецизно разработените, толкувани, коментирани и анализирани прашања авторите приложуваат и практични примери и заклучок по кој следи и задолжителен простор за забелешки, коментари или повратна информација / реакција од реципиентот. Секое поглавје е грижливо разработено со методолошка издржаност и продлабоченост. Притоа, особено значајно и стожерно е четвртото поглавје: *Интерпретација на уметнички текст* - во кое авторите вложуваат посебен напор и творечка енергија за што попрегледно и поедноставно решавање на проблемот на толкувањето на различните видови текстови од уметничката литература за деца. Исто така, авторите на овој труд нудат мошне впечатлива и интересна елаборација на прашањето за подрачјето *Видови читање*, каде што со одбрани примери и илустрации, посебно заслужува внимание делот во кој се разработуваат компонентите на изразното или естетското / уметничкото читање.

Заедно со воведниот дел и другите поглавја, авторите ги толкуваат и ги детерминираат местото и значењето на методиката како мултидисциплинарна наука, која за фундамент ги зема македонскиот јазик и литературата. Притоа, авторите посебно инсистираат и забележуваат дека на другите подрачја (Граматика и правопис; Усно и писмено изразување; Медиумска култура, театар, филм и телевизија и др.) треба да се посвети посебно внимание и покреативен приод при нивното имплементирање во наставната практика и во високото и основното образование. Во тој однос посебно се укажува на потребата од примена на диференциран и индивидуален пристап во работата со ученикот во одделенската настава.

Вториот дел: Практикум, содржи 40 методски прикази на наставни содржини по десет за секое одделение, реализирано од студенти, наставници - ментори и од авторите на овој труд. Сите прикази претставуваат еден вид автентичен практикум кој е резултат на едно драгоцено искуство реализирано и црпено од непосредната педагошка практика. Оттука, овој практикум може да послужи како корисно упатство за наставниците од основните училишта и за идните наставници кои се едуцираат и подготвуваат на педагошките факултети кај нас.

Во практикумот посебно внимание заслужуваат методските прикази кои интегрираат наставни содржини реализирани во рамките на актуелните проекти: Чекор по чекор; Активна настава – интерактивно учење; Со читање и пишување до критичко мислење и др.

Трудот претставува мошне сериозен зафат и обид да се пополни една голема празнина во педагошката литература, а особено во областа на методиката на наставата по македонски јазик од I до V одделение.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Соња Петровска, с.р.**
**Педагошки факултет**
**Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**